АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 03.09.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3380 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво телевизија ИРИС ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 10 август 2020 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 септември 2020 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);
6. **Претходно изречена мерка:** Нема;
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ИРИС ДОО Штип, емитуван на 10 август 2020 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Во дел од програмскиот сервис емитуван на 10 август 2020 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини.

Спротивно на точката 5 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците - ниту во текот на дневноинформативната емисија *„Ирис вести"* ниту на одјавната шпица не се објавени податоците за импресумот: име и презиме на новинарот–автор на објавениот прилог, име и презиме

на другите лица со значаен ангажман во изработка на прилогот (снимател, монтажер и сл).

**10.08.2020 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | почеток | крај | |
| *„Ирис Вести“* | 17:03:40 | 17:17:50 | Ни во текот на емисијата ни на одјавна шпица не се објавени податоци за импресумот - идентификација на новинарите и на реализаторскиот тим на поединечните информативни прилози. |
| | 20:02:10 | 20:16:15 | |
| | 23:03:55 | 23:18:00 | |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, програмскиот сервис на ТРД ИРИС ДОО Штип, на 10 август 2020 година, во изданијата на емисијата „Ирис Вести“ не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ИРИС ДОО Штип и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***